Dorovský, Ivan

**Македонистиката во Брно : (краток преглед)**

In: *Studia macedonica II.* Dorovský, Ivan (editor). Vydání první Brno: Masarykova univerzita, 2015, pp. 226-229

ISBN 978-80-210-7959-5

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/134315
Access Date: 05. 12. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

MUNI ARTS Masarykova univerzita Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts,
Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

# Македонистиката во Брно

## (Краток преглед)

Иван Доровски

Интересот на славистите за Македонија, за македонските дијалекти, литература и народно поетско творештво датира уште од времето на основателот на славистика Јозеф Добровски (Josef Dobrovský, 1753–1829), потоа на преродбенците ФрантишекЛадислав Челаковски (F. L. Čelakovský, 1799/1852), Павел Јозеф Шафарик (P. J. Šafařík, 1795–1861), подоцна на Константин Јиречек (K. Jireček, 1854–1918), Јан Гебауер (J. Gebauer, 1838–1907), Емануел Фаит (E. Fait, 1854–1929), Лудвик Куба (L. Kuba, 1863–1956), Јиржи Поливка (J. Polívka, 1858–1933) и низа други.

Чешките културни дејци најмногу ги привлекуваше пред се македонското народно поетско и прозно творештво. За илустрација да ги наведам барем книгите на Лудвик Куба *Písně makedonské* (1928) и *Čtení o Makedonii* (1932) и првиот сериозен анучен труд за жанрите во македонската народна проза од истакнатиот чешки фолклорист и славист Јиржи Поливка и руските славист Пјотр Лавров, кои од оставнината на Стефан Верковиќ ги издадоа *Lidové povídky jihomakedonské* (1932).

Подолу ќе дадам краток преглед на развитокот на македонистиката како научна дисциплина во рамките на славистиката.

Македонистиката како славистичка дисциплина започна во Чехословакија да се развива непосредно по втората светска војна најпрвин во прашкиот Карлов универзитет. За тоа заслуги има професорот Антонин Фринта (A. Frinta, 1884–1975) кој од 1946 до 1948 држеше предавање за макеоднскиот јазик и во својот краток граматички преглед на бугарскиот јазик што е додаден кон Бугарско-чешкиот речник (1959) го признава макеоднскиот јазик како самостоен словенски јазик.

Брненскиот универзитет што го носи името на првиот претседател на новосоздадената Чехословачка Република Томаш Гарик Масарик (Tomaš Garrique Masaryk, 1850–1937), беше основан во 1919 година. Еден од првите ректори беше слаистотот Вацлав Вондрак (V. Vondrák, 1859–1925), наследник на Ф. Миклошич и Ватрослав Јагиќ. В. Вондрак дојде од Виена и стана основател на словенската филологија во Брно. Автор е на низа палеословенистички трудови, меѓу другото на една опширна на германски напишана

старословенска граматика (1906–1928) и на *Studie z oboru církevněslovanského písemnictví* (1903). Создателите (творците) на брненската славистика од почетокот оваа научна дисципилина ја сфаќаа доста широко и комплетно.

Развитокот на брненската славистика е поврзан пред се со името на еден од најистакнатите слависти Бохуслав Хавранек ( B. Havránek, 1893–1978), меѓу другото автор на научниот труд *Genera verbi v slovanských jazycích 1* (1928), *2* (1937), на студијата *Románský typ perfekta factum habeo a casus sum, casus habeo v makedonských dialektech* (1936) и на низа други значајни научни славистички трудови. За време на своето дејствување во Брно (1933–1939) даде многу творечки научни импулси во областа на славистиката исто и Роман Јакобсон (R. Jakobson, 1896–1982). Литературни и културно-историски предавња почнувајќи од кириллометодиевскиот период држеше Франк Болман (F. Wollman, 1888–1969), меѓу другото автор на посебни монографии за историјата на словенечката, српската, хрватската и бугарската драмска литература.

По преминот на Б. Хавранек во Прага (1945), неговото место го зазеде истакнатиот славист Јозеф Курц (J. Kurz, 1901–1972). Тој ја ориентира брненската славистика кон прашања на палеославистиката, на византиско-словенските односи и на историјата на славистиката. Беше главен уредник на монументалниот *Slovník jazyka staroslověnského* (1958–1997). Негов наследник е нашиот денес најзаслужен палеословенист Радослав Вечерка (R. Večerka, 1928). Синтеза на своите долгогодишни проучувања даде Арношт Лампрехт (A. Lamprecht, 1919–1985) во мобографијата *Praslovanština* (1987).

Во наведените рамки треба да се следи и развитокот на југославистиката и македонистиката на Универзитетот во Брно. Во 1966 година беше основан Кабинет по балканистика и унгаристика кој ги координираше балканистичките проучувања. Тука работеше познатиот турколог и балканолог Јозеф Кабрда (Josef Kabrda, 1906–1968), меѓу другото коавтор на една двотомна историја на народите од средна и југоисточна Европа (1963,1966) и автор на една едиција на турски извори за историјата на Македонија, објавени во три продолжувања (1966, 1967, 1968).

Со прашања од историјата на југословенските народи, на чешко-словачко-југословенските културни односи на литературите на народите и народностите на Југославија се занимаа пред се Франтишек Јордан (František Jordán, 1921–1979), Јозеф Колејка (Josef Kolejka, 1924–2015), Иван Доровски (Ivan Dorovský, 1935) и Цтибор Нечас (Ctibor Nečas, 1933). Макеоднистичка проблематика обработуваат, на пример, монографиите на И. Доровски *České země a Balkán. Kapitoly z dějin česko-makedonských a makedonsko-českých styků* (1973), *Konstantin Jireček. Život a dílo* (1983), *Vozdějstvije russkoj i ukrainskoj litěratury na tvorčestvo Rajko Žinzifova* (1988, во превод на македонски, Скопје 2003), *Студии за балканскиот литературен процес во 19 и 20 век* (Скопје 1992), *Makedonie. Zrození, nebo obrození národa?* (1995), *Balkán a Mediterán.*

*Literárně teoretické a metodologické studie* (1997), *Slovanské meziliterární shody a rozdíly* (2004) и десетки студии, статии, прикази, огледи и др. Тој беше главен уредник на во осум томови издадената библиографија *Bibliografie československé balkanistiky* (1970–1992), автор и главен уредник на Slovník balkánských spisovatelů (2001), коавтор (заедно со сопругата Дагмар) на 30 одредници со био-библиографски податоци за македонски автори и автор на други 610 одредници за автори од сите балкански словенски и несловенски литератури во опширниот *Slovník světové literatury pro děti a mládež* (2007). Тој е истовремено и главен уредник на наведениот Лексикон. (Види негова *Bibliografie,* Brno 2000, и зб. *Slavista s duší básníka*, Brno 2005).

Јозеф Колејка е автор на неколку монографии и студии за проблематиката на т. нар. источно и балканско прашање, од кои би ја навел тука барем монографијата *Balkánská otázka* 1908–1913 (1979).

Студија за фонетиката на макеоднскиот јазик напиша Јарослава Пачесова (J. Pačesová,1928–1992).

Факултативни вежби по македонски јазик за заинтересираните студенти и млади асистенти слависти започна да води од летниот семестар на учебната година 1960/1961 Иван Доровски (Ivan Dorovský). Од 1966 година македонскиот јазик фигурираше во учебните програми како еден од словенските јазици што можеа задолжително да избираат студентите од сите славистички групи, вклучувајќи ја тука и бохемистиката.

Почнувајќи од 1980 година за југославистичките групи се воведе задолжително едносеместрално двочасовно предавање за македонскиот јазик комбинирано со вежби. Студентите по т. нар. југославистика или србокроатистика можеа да избираат и да обработуваат за дипломски трудови компаратистички и македонистички теми. Така Дана Соломановска го одбрана дипломскиот труд *Makedonská dramatická tvorba v kontextu vývoje jugoslávské dramatiky. 1945–1980* (1985). И со македонската драмска книжевност делумно се занимава во дипломската работа *Recepce dramatické tvorby jižních Slovanů u nás v letech 1970–1987* (1989) Хелена Симрова.

Од школската година 1993/1994 беше воведено изучувањето на македонскиот јазик, литература и култура како дипломски предмет и беа примени на македонистичката група осум студенти. По петгодишно школување тие успешно ги завршија студиите, ги одбранаа дипломските трудови на македонистички литературни компаративни теми (на пример за драмското дело на Коле Чашуле, на Горан Стефановски, за Јиржи Волкер и Коста Рацин итн.) и дипломираа. Во подоцнежните години на македонистички лингвистички и литературни теми беа напишани и одбранети неколку бакаларски димплонски трудови.

Во школската година 2006/2007 две студентки, коишто беа ланската година учеснички на Семинарот во Пештани, пишуваат дипломска работа од

областа на чешко-македонските и словачко-македонските културни врски. Една од нив ќе настапи со реферат на четвртата чешко-македонска научна конференција во Брно. Благодарејќи на раководството на Меѓународниот семинар за македонски јазик, лирература и култура повеќето од првата и втората македонистичка група и некои студенти од другите подоцнежни македонистички групи учествуваа на летните семинари во Охрид и го усовршија јазикот. Своите знаења на македонскиот јазик ги докажаа со колективниот превод на книгата *Македончето* од Петрос Вотсис (2000) и антологијата на современиот македонски расказ *Тајната одаја* (2002). Тоа беа првите апсолвенти македонисти во историјата на Масариковиот универзитет во Брно. Две од апсолвентките се здобија со звање доктор по филозофија (PhDr.). Во Институтот за славистика водат вежби по македонски јазик и предавања за македонската литература. Прв пат во историјата имаме во Брно од апсолвентите македонисти два судски преведувачи од и на македонски јазик.

Во 1995 година Кабинетот за балканистика и унгаристика беше организационо приклучен кон Катедрата за русистика и се основа Институт за славистика. Со отворањето на прва словенистичка дипломска група од школската година 1995/1996 се комплетираа сите славистички групи. Тогаш ја примивме и првата лекторка по македонски и словенечки јазик - Бистрица Миркуловска (1995–1997).

Одделните славистички групи се отвораат циклично. Почнувајќи од 1989 година досега беа отворени седум групи по бугаристика, шест групи по словенистика, **пет групи по македонистика** (1993, 1997, 2002, 2005 и 2007), четири групи по кроатистика, пет групи по сербистика и три групи по балканистика. Групата југославистика ја отворивме само еднаш во 1991 година.

Обуката по македонски јазик досега ја водеа освен Иван Доровски и македонски лектори. По Б. Миркуловска дојдоа д-р Зденка Рибарова (1997–1999), Маргарита Карајанова (1999–2003), Гоце Алексоски (2003–2004) и доц. д-р Љупчо Митрески (од 2004 г.). Обуката по македонска литература ја обезбедува Иван Доровски, делумно и Олдржишка Чтвртничкова со Ивана Доровска.

Понатомошниот развиток на македонистиката во Брно зависи, меѓу другото, и од поддршката што ќе и ја дава македонската страна, т. е. пред се Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот св. Кирил и Методиј во Скопје.

(7 февруари 2007 г.)